РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-10/2
03-09-2021 г./v.

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава на познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата на 51-та седница, одржана на ден 31.08.2021 година донесе

## Одлука

Пријавата со број 12 - 10/1 од 04.01.2021 година, доставена од страна на подносителот - --------------- ---------------- од ----------, **СЕ ОТФРЛА**.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема надлежност за постапување во предметот со број 12-10 од 2021 година, оформен по пријавата бр. 12-10/1 од 04.01.2021 година.

Предметот со број 12-10 од 2021 година да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на Државната комисија, со образложението.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12-10 од 2021 година е оформен по пријава бр. 12-10/1 од 04.01.2021 година година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) од познат подносител - --------------- ---------------- од ----------.

Доставената пријава е поднесена против повеќе службени лица од правосудни органи - јавни обвинители во Основното јавно обвинителство Скопје, државниот јавен обвинител на РСМ, Претседателот на советот на јавни обвинители на РСМ, судии во Основниот граѓански суд Скопје, судии и претседател во Врховниот суд на РСМ, претсеателот на Судски совет на РСМ, судии во Управниот суд на РСМ, поради непостапување или пристрасно, необјективно, нецелосно и незаконито постапување по предмети оформени по пријави поднесени од страна на подносителот во 2016,2017 и 2018 година.

Во предметниот случај, станува збор за незадоволство на подносителот на пријавата од постапувањето по предмет за кој бил воден судски спор по тужба на поднесена од негова страна против повеќе лица, а по основ надомест на материјална и нематеријална штета и идна нематеријална штета и во кој била донесена пресуда од страна на основниот граѓански суд. Незадоволен од донесената пресуда, подносително на пријавата се обратил до повисоките

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

судови - Апелациониот суд Скопје, Врховниот суд на РСМ и Управниот суд на РСМ, а незадоволен од нивното постапување за случајот се обратил и до Основното јавно обвинителство во Скопје. Подносителот на пријавата смета дека била неоправдано била одолговлекувана постапката по наведениот предмет и не било почитувано начелото на судење во разумен рок, а поради незаконското, пристрасно и необјективно постапување од страна на пријавените лица тоја како оштетен се сомнева дека кај истите постоеле мотиви и лични интереси поради четири и пол годишното незаконско постапување на ОЈО Скопје и тригодишното незаконско постапување на судијата од Основниот граѓански суд Скопје кое што било на негова директна штета.

Незадоволен од постапувањето на сите погоре наведени институции, подносителот се бара од ДКСК да утврди дали пријавените евентуално ја злоупотребиле нивната службена положба со цел да остварат извесна материјална корист за себе, а доколку биде утврдено истотот, против пријавените лица да биде поднесена соодветна пријава до надлежните органи согласно Законот, со цел покренување на соодветни постапки за утврдување на нивната одговорност.

При разгледувањето на доставената пријава и доставената документација, ДКСК констатира дека пријавените дејствија не се активности по кои ДКСК има надлежност за постапување, туку се активности за кои надлежност за постапување имаат други надлежни органи, по што оцени дека ДКСК нема надлежност за постапување во предметниот случај, предметната пријава да се отфрли, а предметот да се затвори и да се архивира.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**

Републикa Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut

Доставено до :
- Архива
- Подносителот

Изработил: Ј.Ц.
Одобрил: С.П.Д., Член на ДКСК